ДОБРОВОЛНО
ПРОТИВПОЖАРНО
ДРУШТВО
СВЕТИ НИКОЛЕ

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД НАЈНАПРЕДНИТЕ ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ СИСТЕМИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ/ИПА

(АВСТРИЈА, СЛОВЕНИЈА И ХРВАТСКА)



ПРОЕКТ: „Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија!!!“


Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

EU for Civil Resilience

ДОБРОВОЛНО
ПРОТИВПОЖАРНО
ДРУШТВО
СВЕТИ НИКОЛЕ

„Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија!!!“



ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД НАЈНАПРЕДНИТЕ ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ СИСТЕМИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ/ИПА

Funded by the European Union

ЕУ за ТЕБЕ

EU for Civil Resilience

ПРОЕКТ: **„Преку мрежа на доброволни противпожарни друштва, до подобра цивилна заштита на луѓето и природата во Република Северна Македонија!!!“**

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД НАЈНАПРЕДНИТЕ ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ СИСТЕМИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЕУ/ИПА

Издавач:

Доброволно противпожарно друштво Свети Николе (ДПД)

Благој Тосевски–претседател на ДПД Свети Николе

Кирил Михајлов – старешина на ДПД Свети Николе

Автор:

Кирил Михајлов

Материјали за добри практики**:**

Др. Михаел Халвакс (BR Dr. Michael Halwachs, MSc.)

Марија Кунстељ (Marija Kunstelj)

Стјепан Ковачек (Stjepan Kovaček)

Дизајн на корица и компјутерска обработка:

Благој Митев

Декември 2023

Оваа брошура е изработена со поддршка на проектот на Европската унија за„ Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, имплементиран од страна на Механизмот за граѓанска отпорност (Civil Resilience Mechanism -CRM).

Содржината на брошурата е единствана одговорност на Доброволното противпожарно друштво Свети Николе и не ги одразува ставовите на Механизмот за граѓанска отпорност (Civil Resilience Mechanism -CRM).

ПРЕДГОВОР

Најстарите записи за организирано гаснење на пожари датираат од IV век п.н.е., кога за прв пат била формирана организирана противпожарната служба од страна на Александар Македонски, во насока на успешна и ефикасна заштита на луѓето и нивните имоти, инспириран од се позачестените деструктивни пожари. Оттогаш, противпожарниот сектор со големи чекори напредуваше и еволуираше, при што многукратно ги надмина првичните очекувања за неговата намена. Во денешно време противпожарната служба не е само фукусирана на заштитата и спасувањето во случај од сите видови на непогоди и несреќи. На многу места е основа за соработка и интегрирање на целокупната локална заедница. Претставува пример за другите организации и институции, преку својата, посветеност, подготвеност и самопожртвуваност, но секако дека е и институција која делумно се грижи и придонесува во воспитувањето на децата.

Од тој аспект сметаме дека конференцијата за добри практики која се спроведе од 17 – 20. октомври во Охрид со најнапредните противпожарни и спасувачки од 3-те земји на ЕУ /ИПА преку своите репрезенти и тоа: Др.Михаел Халвакс од Република Австрија, Г-ѓа Марија Кунстељ од Република Словенија и Г-дин Стјепан Ковачек од Република Хрватска. Добрите практики во секоја од 3-те земји беа презентирани пред сите активни ДПД-а во државата, за да послужат како инспирација за да се направи интегративен пристап кој е императив на нашата организација, како одговор на современите текови на живеење, за да во блиска иднина иницирме и координираме формирање на мрежа на доброволни противпожарни друштва во Република Северна Македонија, со цел да можеме организирано да настапиме пред надлежните државни и локални чинители и бизнис заедницата, во насока на подобрување на постоечките законски решенија, како и во процесот на носење нов Закон за пожарникарство, во кој ќе бидат инкорпорирани сите предложени препораки и заклучоци произлезени од Конференцијата за добри практики од страна активните доброволни противпожарни друштва, со кои конечно ќе ги дефинираат потребите и статусот на доброволните противпожарни друштва во државата.

Иновативниот, интегрираниот, одржливиот, транспарентниот и инклузивен пристап на Мрежата на доброволни противпожарни друштва ќе се стреми кон градење на модерен, профилиран, функционален, флексибилен, организиран и одржлив доброволен противпожарен сектор, кој квалитетно и ефикасно ќе работи на безбедноста на целуокупното население и природата во Република Северна Македонија.

Се надеваме дека оваа анализа воедно ќе биде и поттик за остварување на заложбата на Владата, нејзините надлежни државните институции, единиците на локалните самоуправи, како и во насока за развој на граѓанското општество наведени во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор.

Публикацијата е наменета за сите доброволни противпожарни друштва, државни и локални чинители во Република Северна Македонија вклучени во процесот на кризниот менаџмент и цивилна заштита и целокупното граѓанство.

Срдечно, Кирил Михајлов, старешина на ДПД Свети Николе

ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА Г-ДИН МИЛАН ДУБРОВАЦ - ПРЕТСЕДАТЕЛ НА CTIF (The International Association of Fire & Rescue Services) Интернационална асоцијација на противпожарни и спасувачки сервиси

Милан Дубровац – поздравен говор за Конференцијата за добри практики со најнапредните противпожарни системи во Европа

Почитувани учесници,

Пожарникарите низ Европа се организирани на неколку различни начини. Причината за тоа е историскиот, политичкиот и технолошкиот развој на земјите.

Во централна Европа имаме долга традиција на доброволното пожарникарство, кое овие денови станува се позначајно. Поради се поизразените климатските промени, постојано сме соочени со предизвикот да спроведуваме нови видови на задачи. Најважно е дека поради се посилното влијание што го предизвикуваат новонастанатите климатски промени, преку се покатастрофалните последици што ги предизвикуваат врз човекот, нивните имоти и природата, бараат се поголем ангажман од стручни и обучени лица, секако најдобар одговор за справување со истите е доброволниот противпожарен систем.

Главното прашање е како да се организира доброволниот противпожарен систем во блиска иднина?
Првото прашање каква е историјата/традицијата, во секоја поединечна земја. Доколку е ниска, тогаш треба да се развие посебна програма за зголемување на доброволното пожарникарство за земјата.

Ако е на ниско ниво, тогаш треба да се развие посебна програма за зголемување на доброволниот ппротивпожарен сектор во земјата. Во изминатиот период повеќето земји имаат проблеми со регрутирање пожарникари, ова пртставува клучен предизвик. Сепак, постојат многу начини како да се постигне тоа. Секако се разбира, тоа зависи од многу фактори. Првата или општа политичка одлука мора да биде отфрлена. После тоа треба да се развијат сериозни анализи за начините на пристап до вистинските групи луѓе.

Генерално политиката во земјата, мора да подготви услови за добар развој на доброволниот противпожарен систем, кој треба да се промовира на вистински начин.

Сакаме да истакнеме и споделиме некои позитивни примери од Словенија каде минатата година беа направене неколку иновативни чекори во таа насока.
Пред повеќе од 30 години ја имплементиравме категоризацијата на секоја противпожарна станица во зависност од големината на територијата што ја покриваат, потенцирајќи ги локалните специфики за секоја посебно. Секако основата е во законот за противпожарна заштита, но правилата за категоризација беа усвоени од страна на Противпожарната асоцијација на Словенија. Во зависност од категоријата минимални барања за обучен персонал, се применува соодветна ПП опрема и време на одговор на инцидентот.

Противпожарен фонд

Станува збор за посебен фонд за осигурувања на имоти и автомобили од пожари (5% и 1%) каде што на национално ниво собираме значителни финасиски средства за финансирање на доброволните пожарникари кои се ангажирани на локално и државно ниво. Оваа одредба се заснова на посебен закон и резултатите од оваа мерка по многу години се покажаа за многу добри и прагматични.
Од оваа година 2023, 50% од овие финасиски средства се алоцираат за локалните заедници, 50% останууваат на национално ниво за обука на доброволни пожарникари, набавување на специјална опрема и за истражувачки цели.

Статус на доброволен пожарникар

Во секоја земја прво треба да се одлучи што значи зборот статус. Понекогаш тоа е само етичко признавање на оние луѓе кои се подготвени да им помогнат на другите луѓе. Тие денови за жал со новите животни трендови поминаа и не се повеќе доволни. На тој дел ние во Словенија направивме неколку чекори напред.
Во повеќето локални заедници се покрива работното време (повраток на финансики средства на работодавачот) за во случаи кога доброволните пожарникари се на интервенција или на обука. Оперативниот доброволен пожарникар во Словенија од 2023 година има посебно даночно ослободување од персоналниот данок на плата, што исто така претставува важен начин за подобрување на нивниот статус во општеството.
Посебно сакаме да истакнеме, дека конечно од пред неколку месеци владата на Република Словенија одлучи да го намали ДДВ за противпожарната опрема за сите противпожарни служби, со што значително ќе ја подобри техничката подготвеност на противпожарниот сервис во нашата држава.
Ви посакувам успешна работа на конференцијата и ви испраќам голем пожарникарски поздрав од Словенија.

Милан Дубровац

Претседател на ЦТИФ - Светска асоцијација на противпожарните и спасувачки сервиси.

Табели

Табела 1: Пример за поставеност на доброволна противпожарна станица 27
Табела 2: Пример за проверка на хидрантска мрежа од вараждинската противпожарна заедница 43
Табела 3: Членство во доброволниот противпожарен сервис (број на друштва, членство, оперативни пожарникари) 70
Табела 4: Вкупно пожарникари (процент според вкупното население) 70
Табела 5: Број на противпожарни станици 71
Табела 6: Број на Противпожарни возила 71

Слики

Слика 1 : Др. Михаел Халвакс 12
Слика 2 Поставеност на австрискиот национален систем за одговор при настанување на катастрофи 13
Слика 3 Национален систем за управување со кризи НУКК 13
Слика 4: Структура на австрискиот национален систем при настанување на катастрофи и кризи 14
Слика 5: Нивоа на управување со кризи провинџија/област/општина 14
Слика 6: Пирамидален приказ на Австрискиот ПП систем 15
Слика 7: Извори на финансирање на ПП - единиците 16
Слика 8: Извори на финансирање на ДПД во Република Австрија 17
Слика 9: Набавка на ПП-возила и опрема (општина/држава/ПП-Единица) 17
Слика 10: Вклучување на армијата при катастрофи 18
Слика 11: Цивилно-армиски систем на комуникација и координација при вонредни ситуации 19
Слика 12: Австриски национален систем за одговор при катастрофи 19
Слика 13: Република Австрија – територијална организација 21
Слика 14: Бројна состојба во австрискиот противпожарен сектор 21
Слика 15: Бројна состојба (ПП-станици/ ДПД станици/ПП-станици во компаниите/професионални ПП станици) 22
Слика 16: Противпожарно станица и противпожарно навално возило во Република Австрија 23
Слика 17: Членство и полова структура во ПП секторот Процентуална застапеност 24
Слика 18: Процент на доброволни и професионални пожарникари во Република Австрија 24
Слика 19: Нема импликации врз општинскиот буџет 24
Слика 20: Австрија има 6 професионални ПП Станици 25
Слика 21: Секојневни задачи и активности на ПП служба во Република Австрија 25
Слика 22: Доброволни единици во акција и на смотра 26
Слика 23: Членство во доброволниот противпожарен сектор 26
Слика 24: Функционирање на доброволниот противпожарен сектор во Република Австрија 27
Слика 25: Специјална обука и распоредување на специјални ПП единици 28
Слика 26: Разни акции на доброволниот ПП систем 29
Слика 27: Учество во меѓународни мисии 29
Слика 28: Механизам за одговор при настанување на катастрофи во Република Австрија 30
Слика 29: Регион Бергенленд со 7 области 30
Слика 30: Дипл. Инж. Стјепан Ковачек 31
Слика 31: Парада на ДПД Дубровник 30-те години од минатиот век 33
Слика 32: Историски развој на противпожарната заштита во вараждинската жупанија 34
Слика 33: Систем на организирање на противпожарните единици во Република Хрватска 35
Слика 34: Организација на системот на противпожарна заштита на Република Хрватска 36
Слика 35: Акции на хрватските пожарникари (доброволни и професионални) 37
Слика 36: Фази на имплементација на програмата за активности 38
Сликае 37: Месец мај – месец за заштита од пожари (ПП натпревари, паради, промоција на

материјали) 42
Слика 38: Промотивни активности 44
Слика 39: Противпожарни практични натпревари 44
Слика 40: Кампањи за анимирање на млади членови 44
Слика 41: Промотивни материјали: Боенки, распореди на часови 45
Слика 42: Стјепан и неговиот син како пионер оперативен пожарникар 45
Слика 43: Синот на Стјепан како
Слика 44: Марија Кунстељ 46
Слика 45: Мапа на доброволни противпожарни станици во Република Словенија -1341 48
Слика 46: Мапа на професиналните противпожарни единици во Република Словенија 48
Слика 47: Активности во насока на подобрување на условите за работа во ПП станиците 51
Слика 48: Соработка на двата Противпожарни сектори 52
Слика 49: Кадет пожарникар 52
Слика 50: Соработка, ПП сервис, полиција и армија 53
Слика 51: Заедничка интервенција на повеќе служби 53
Слика 52: Донација на доброволниот ПП-сервис од страна на општествено одговорна компанија 53
Слика 53: Објава на медиуми по настанат инцидент на ПП возило 54
Слика 54: Канали за унифицирана комуникациска кампања 54
Слика 55: Редовен социјален ангажман на членовите на ДПД-ата 55
Слика 56: Соработка со образовниот сектор, преку презентација на опрема и организирање на игри за децата 55
Слика 57: Делење на едукативен промотивен материјал за најмладите 56
Слика 58: Редовна проверка на хидрантската мрежа 56
Слика 59: Демонстрација на пожар во кујна 57
Слика 60: Противпожарни вежби 57
Слика 61: Отворени денови за локалното население во ПП станиците 57
Слика 62: Разни начини на прибирање на финансиски средства 58
Слика 63: Противпожарен натпревар 58
Слика 64: Организирање на разни настани за собирање на финански средства 59
Слика 65: Организирање на инцидентни донаторски кампањи при настанување на колеми катастрофи 59
Слика 66: Пример за филантропија: Донација од 1,5 милиони евра од страна на сопственикот на МЕРКАТОР 59
Слика 67: Организирање на разни настани за прибирање на финансии (концерти, фестивали забави, игри на среќа) 60
Слика 68: Печатење и делење на календари 60
Слика 69: Перманентна работа со децата и младите 61
Слика 70: Семејна традиција 61
Слика 71: Организирање на социјални собири 62
Слика 72: Учество во меѓународни проекти 62
Слика 73: Учество на Противпожарни олимпијади организирано од страна на CTIF 62
Слика 74: Одговорност на членовите на ДПД-ата 63
Слика 75: Членство во доброволниот противпожарен сектор во државата 65
Слика 76: Возрасна и родова застапеност во доброволниот противпожарен сектор 66
Слика 77: Оперативни доброволни пожарникари 66
Слика 78: Осигурување на доброволните пожарникари 67
Слика 79: Извори на финасирање на ДПД-ата во државата 67
Слика 80: Соработка со разни ќинители 67
Слика 81: Согласност за формирање на Мрежа на ДПД-а 68

СОДРЖИНА:

ПРЕДГОВОР 3

ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА Г-ДИН МИЛАН ДУБРОВАЦ - ПРЕТСЕДАТЕЛ НА CTIF 4

ВОВЕД 11

МЕТОДОЛОГИЈА 11

Проблемите и основните почетни точки на задачата 11

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА 12

Како функционира националниот систем за одговор при кризи? 13

Структура на австрискиот национален систем 14

Одговор при катастрофи на ниво на провинција/област/општина 14

Правна основа на противпожарните единици 15

Финансирање на противпожарните единици 16

Како се финансираат доброволните противпожарни друштва 17

Кој ги набавува ПП-возилата и ПП-опремата на друштвата? 17

Итни спасувачки служби 18

Правни аспекти за употреба на армијата при одговор при катастрофи 18

Цивилно-воена интеракција за време на вонредна состојба 19

Структура на комуникација во австрискиот национален систем за одговор при катастрофи 19

Национален центар за предупредување (Bundeswarnzentrale, EKC) 20

Насоки и стандардни оперативни процедури (СОП) 20

Одземете 20

ПРОТИВПОЖАРЕН СЕРВИС ВО РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА 21

Противпожарни станици во Република Австрија 22

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНИОТ СЕКТОР ВО РЕПЕБЛИКА АВСТРИЈА .. 22

ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА ВО ПРОТИВПОЖАРНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБИКА АВСТРИЈА .. 23

Кои се предности на системот со 99% доброволни пожарникари? 24

Правни аспекти и задачи 25

Вообичаени секојдневни задачи на протипожарната служба се: 25

ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ 26

Членство во доброволните противпожарни единици 26

Како функционира австрискиот доброволен противпожарен систем? 27

Како е структурирана една доброволна противпожарна станица? 27

Како е решено со обуката и образованието на пожарникарите? 28

Што е со противпожарната опрема и од што зависи набавката? 28

Финансирање на доброволниот протицпожарен систем… 28
Можности за „кариера“ во рамките на доброволниот противпожарен систем 28
Капацитети на ДПД-ата за одговор при настанување на катастрофи 29
Меѓународна мрежа 29
Добра практика од ПП асоцијацијата од регионот Бургенленд и областа Оберварт 30
ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА 31
Историски преглед на противпожарната заштита во Република Хрватска 32
Основни податоци за Република Хрватска 33
Сили на противпожарниот систем на Република Хрватска 33
Добра практика од ПП асоцијацијата на Вараждинска жупанија 34
Историски развој на пожарникарството во Варждинската жупанија 34
Денес, противпожарните единици во Вараждинската жупанијаа поседуваат: 35
Организација на противпожарните единици во Република Хрватска 35
Организација на противпожарна заштита во Република Хрватска 36
Програма на активности за спроведувањето на посебните мерки за противпожарна заштита од интерес на Република Хрватска 36
ПРОТИВПОЖАРЕН СИСТЕМ 37
Противпожарниот систем е дел од системот за национална безбедност 37
ФАЗИ НА ПРОГРАМАТА СО АКТИВНОСТИ 38
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРНАТА СЛУЖБА 38
Како се основаат ДПД-ата и ТППЕ-ата во Република Хрватска 38
Доброволно противпожарно друштво 39
Кој може да биде пожарникар? 39
Државно противпожарно училиште 39
Како се врши оспособување на доброволен пожарникар? 39
Кој ги спроведува обуките? 40
Устав на Република Хрватска (член 129а) 40
Чија е одговорноста? 40
Професионалци или доброволци? 41
ПРЕВЕНЦИЈА 42
Пример за превентивни активности во Вараждинска жупанија 43
ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ПРОТИВПОЖАРНИОТ СЕКТОР 44
Противпожарни натпревари 44
СЕМЕЈНА ТРАДИЦИЈА 45
ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА 46
Историјат на доброволниот противпожарен сектор во Република Словенија 47
Информации за противпожарните единици во Република Словенија 47
ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА 49

Противпожарно законодавство во Република Словенија **49**
Противпожарен фонд **49**
Комитет за управување со средствата на противпожарниот фонд **49**
Распределба на средствата од противпожарниот фонд **50**
Статус на доброволен пожарникар ***51***
Координирање и соработка на доброволните и професионалните пожарникари **52**
Обука на млади пожарникари **52**
Здружување или вмрежување **53**
Донации од корпорации **53**
Видливост и застапеност – СЕГА!!! **54**
Превентивно-информативни кампањи **55**
Извештаите во локалните списанија **56**
Противпожарни вежби на различни локации како: **57**
СОБИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ***58***
Организирање и спроведување на противпожарни и спортски натпревари **58**
Општествена одговорност на компании: Донација од 1,5 милиони евра од страна на сопственикот на Меркатор **59**
Мислење на еден оперативен пожарникар **60**
Мотивациски кампањи и анимирање на нови членови **61**
Учество во меѓународни проекти за млади луѓе (ЕУ) или национални настани и противпожарен хепенинг **62**
Натпреварувачки успеси како што се националните и олимписките противпожарни шампиони организирани од CTIF **62**
Добри примери за одговорност и посветеност на членовите на ДПД-ата **63**
МАКЕДОНСКИ ДОБРОВОЛЕН ПРОТИВПОЖАРЕН СЕКТОР ***63***
Општи податоци за Република Северна Македонија **63**
РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОБРОВОЛНИОТ СЕКТОР ***64***
ЧЛЕНСТВО, ВОЗРАСНА, ПОЛОВА СТРУКТУРА, ОСИГУРУВАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ И СОРАБОТКА ***65***
Законски одредби за финансирање на ДПД-ата во Р.С. Македонија **68**
КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПП СИСТЕМИ ***70***
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА ДОБРИ ПРАКТИКИ ***72***
ЗАКЛУЧОЦИ: **72**
ПРЕПОРАКИ: **73**
ПРЕДЛОЗИ ЗА НОВИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА: **74**
ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ: ***75***
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА: ***76***

ВОВЕД

Оваа споредбена анализа ги истражува постојните правни и институционални рамки за работата на доброволните противпожарни системи од најнапредните противпожарни системи од 3 (три) држави на ЕУ/ИПА: Република Австрија, Република Словенија и Република Хрватска. Публикацијата има за цел да придонесе кон формирање на Мрежа на доброволни противпожарни друштва во Република Северна Македонија, преку пренесување на добри практики и да го спореди разновидното искуство и научените лекции од презентациите на предавачите од Конференцијата во Охрид.

Намена на публикацијата е да понуди основа за конкретни препораки за целокупниот кризен менаџмент и системот на цивилна заштита на во државата, т.е. да предложи еден или повеќе соодветни модели за градење на функционална, одржлива и стабилна Мрежа на ДПД-а, за која би ги зеле во предвид и специфичните одлики на македонското општество, како и неговиот политички и правен систем.

Земјите од кои се презентираа добрите практики (Австрија, Словенија и Хрватска) се избрани заради својота долга и богата традиција, огромното искуство и знаење што ги поседуваат во делот на противпожарната и цивилната заштита, а посебно во делот на доброволното пожарникарство, кон добивање на соодветна регулација и пристап за формирање на Мрежа на ДПД-а во државата и подвлекувањето на универзалната примена на практики што се чинат како најдобри решенија во процесот на успешно градење на истата.

МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа компаративна анализа вклучува презентации за правната рамка, формата на здружување и вмрежување, процедурите и начините на финасирање од страна на државните и локалните чинители, начини на прибирање на финасиски средства преку спроведување на разни донаторски акции, процедури за зголемување на видливоста, комплементарни информативни превентивни кампањи, перманентни мотивициски кампањи за регрутирање на нови членови, како и примената на постечките правила и стандарди во практика. Добиените одговори од најдобрите практики од најнапредните противпожарни системи од земјите на ЕУ/ИПА беа квантитативно (статистички) и квалитативно (експликативно и интерпретативно) обработени и анализирани. Резултатите се прикажани во графикони, табели и фотографии на ниво на целиот примерок на студијата, при што се користени апсолутни бројки и проценти.

Проблемите и основните почетни точки на задачата

Противпожарната заштита е организирана на различни начини во различни делови на Европа, во зависност на влијание на повеќе суштински фактори како што се: различни начини и форми на организирање на системот на противпожарната

заштита влијаеле историскиот развој, социо-економските состојби и многуте војни кои се случија на овие простори, како и културата и цивилизациските придобивки на секој народ и укажаното внимание и поддршка која ја добиваат од државата. Последново се однесува на унапредување на развојот на пожарникарството, регулирање со напреден и модерен закон за пожарникари и финансиска поддршка на противпожарниот сектор во нашата држава.

Исклучително е важно да се истражува начинот на кој е организиран и работи противпожарниот сектор во различни делови на Европа, бидејќи на овој начин може да ги детектираме проблемите и добрите практики со кои тие се судирале во нивниот развој, како би можеле да донесеме нов Закон за пожарникарство, кој генерално ќе го подобри статусот на целиот сектор во општеството, а со тоа значително ќе се подобри безбедноста на целокупната заедница и природата.

ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

Предавач-презентер на добрите практики од противпожарниот и спасувачки сектор од Република Австрија беше Др. Михаил Халвакс, кој преку подготвени презентации и видеа, одблиску ни ја долови работата на еден од најнапредните противпожарни системи на европско и светско ниво.



Слика 1 : Др. Михаел Халвакс

- Одделение за работа на корпоративно здравје и безбедност во тунелите – PORR Bau GmbH
- Раководител на работната група 5 „Здравје и безбедност при работа“ – Меѓународна асоцијација за тунели (ИТА)
- Раководител на работна група 4.4 (Асоцијација на австриска противпожарна бригада) - патна и железничка инфраструктура (подземни инфраструктури)
- Член на CTIF (Меѓународна противпожарна асоцијација) Работна група Пожари во тунели
- Командант на секција и офицер за врска за меѓународни мисии за одговор на цивилната заштита
- Експерт за управување со катастрофи за австриските вооружени сили и членка на UOSC (Ќелија за поддршка на урбани операции)
- Член на Австриската истражувачка асоцијација за патишта, железници и транспорт (FSV) – RVS 09.01.52, 09.01.53, 09.01.54, 09.02.22

• Повеќе од 10 години меѓународно искуство во меѓународно управување со катастрофи (ЕУ/ОН) – тренер/предавач/сертификатор (на пр. ЕУ, Гана, Израел и Палестина, Венецуела)


• 3 години офицер за врски во националниот персонал за координација за управување со катастрофи и кризи Ковид-19

• Консултант за различни проекти ОН, ЕУ, Светска банка

• Предавач/гостин-предавач во повеќе универзитети, противпожарни училишта и академии

Како функционира националниот систем за одговор при кризи?

- Површина : ~84.000 km²
- Број на жители: ~8.900.000
- Главната надлежност е на 9 - сојузните покраини во Република Австрија
- Одговорноста за управување и заштита од кризи и катастрофи, која е распределена на сите административни нивоа
- Воспоставен со закони и акти од провинциите за помош при катастрофи и го сочинуваат 13 министерстава, 9-те провинции, 79 дистрикти и 2096 општини.



Слика 2 Поставеност на австрискиот национален систем за одговор при настанување на катастрофи

* ***Супсидијарност*** - социјалните и политичките прашања треба да се решаваат на најнепосредно (или локално) ниво што е во согласност со нивното решавање.

Нивоа на координација и лидерство




Слика 3 Национален систем за управување со кризи НУКК

Структура на австрискиот национален систем




Слика 4: Структура на австрискиот национален систем при настанување на катастрофи и кризи

Одговор при катастрофи на ниво на провинција/област/општина



Слика 5: Нивоа на управување со кризи провинција/област/општина

Пирамидален приказ на противпожарниот сервис во Република Австрија



Слика 6: Пирамидален приказ на Австрискиот ПП систем

Правна основа на противпожарните единици

Член 15 од уставнот:


- Државна работа во законодавството и извршувањето

Член 118 од уставот

- Локалната противпожарна полиција како задача на заедницата во сопствената сфера на делување
- Закони за противпожарната полиција и противпожарната единици на федералните провинции (9 различни закони за пожарникарство)
- Статути (прописи на противпожарните единици на асоцијацијата на противпожарните единици на 9-те федерални провинции

Финансирање на противпожарните единици

- Општините се одговорни за финансирање на (локалната) противпожарна служба.
- Државните и противпожарните асоциации на 9-те провинции и нивните противпожарни единици („**Landesfeuerwehrverband**“) добиваат дел од финансиите од данокот за заштита на имоти и лица од пожари.
- Фондот за катастрофи на сојузната влада гарантира поддршка за набавка на опрема што се користи во случај на катастрофи.
- Повеќе од 50% од финансирањето на ДПД-ата се преку самофинансирање, најчесто од самите доброволни противпожарни единици, преку организирање настани, собирање донации и други активности.



Слика 7: Извори на финансирање на ПП - единиците

Како се финансираат доброволните противпожарни друштва



Слика 8: Извори на финансирање на ДПД во Република Австрија

Кој ги набавува ПП-возилата и ПП-опремата на друштвата?



Слика 9: Набавка на ПП-возила и опрема (општина/држава/ПП-Единица)

Итни спасувачки служби

■ **Општи спасувачки служби (локални и регионални)**

- **Австриски Црвен крст**
- **124 локални огранoци**
- **12 окружни огранoци**
- **11.200 волонтери**
- **Малтезер, Самарјани, Јоханитер**

■ **Специјални спасувачки служби**

- **Служба за спасување на планина**
- **49 локални единици**
- **1.624 волонтери**
- **Служба за спасување на вода**
- **Спасување во пештера**

Член 10 апс. + Член 15 апс. 1 од Уставот на Австрија: Е прашање на Федералната провинција во законодавството и спроведувањето

Член 118 од Уставот : локална здравствена полиција, пр. Службите за прва помош и спасување како задача на заедницата во сопствената сфера на делување

Правни аспекти за употреба на армијата при одговор при катастрофи




- Австриски устав (член 79а), дополнување на Уставот (KSE-BVG) за распоредување на војници и поединци од армијата во странство
- Австриски закон за одбрана (Член 2 став 1 потстав в.и г.)
- Австриска безбедносна стратегија 2013 година
- Клаузула за солидарност (член 222 од Договорот за функционирање на Европската унија)

Во Австрија помошта при катастрофи е суштински елемент и одговорност на армијата.


Слика 10: Вклучување на армијата при катастрофи

Цивилно-воена интеракција за време на вонредна состојба



Слика 11: Цивилно-армиски систем на комуникација и координација при вонредни ситуации

Структура на комуникација во австрискиот национален систем за одговор при катастрофи



Слика 12: Австриски национален систем за одговор при катастрофи

Национален центар за предупредување (Bundeswarnzentrale, EKC)

- Центри за предупредување на ниво на област/провинција
- Полицијата/Противпожарната служба/Службата за спасување
- Интегриран контролен центар (администрација, противпожарна служба, спасувачки служби)
- Работи 24/7 во годината
- Системи за рано предупредување, временски прогнози

Насоки и стандардни оперативни процедури (СОП)

- Упатство за правни и организациски принципи на Националното управување со катастрофи и кризи (MBP, 2013)
- Упатство за лидерство во управувањето со катастрофи (MBP, 2006 година)
- Упатство за инциденти со пожари (Heft 122, ÖBFV, 2016)
- Инструкции за операција при катастрофи на австрискиот Црвен крст (ÖRK, 2007)

Одземете

- Општа надлежност за катастрофи се сојузните покраини (Само кога се вклучени повеќе провинции – Министерството за внатрешни работи ги координира/поддржува).
- Супсидијарност – најниското ниво започнува да го решава настанот; 9 Оддела за помош при катастрофи
- Барање за помош од армијата: од градоначалник на најмалите општини до најголемите, началник на област, началник на провинција
- Доброволен систем на работа - противпожарни единици, Црвен крст, горско-планинско спасување, спасување во пештера итн. - 46% од австриското население е вклучено во доброволна работа (од 2019 година)
- Постојат упатства за операции при катастрофи

ПРОТИВПОЖАРЕН СЕРВИС ВО РЕПУБЛИКА АВСТРИЈА

Околу 2.000 општини

9 региони



99 административни области

Околу 9 милиони жители

Слика 13: Република Австрија – територијална организација

AUSTRIAN FIREBRIGADE ASSOCIATION

Headquarters

ÖBFV

- 9 регионални противпожарни асоцијации
- Приближно 4.800 противпожарни станици
- Приближно. 340.000 членови во противпожарната служба



Слика 14: Бројна состојба во австрискиот противпожарен сектор

Противпожарни станици во Република Австрија



Слика 15: Бројна состојба (ПП-станици/ ДПД станици/ПП-станици во компаниите/професионални ПП станици)

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОТИВПОЖАРНИОТ СЕКТОР ВО РЕПЕБЛИКА АВСТРИЈА

258.603 број на оперативни пожарникари

255.953 активни доброволни пожарникари

2.650 активни професионални пожарникари

30.391 млади пожарникари

57.710 пожарникари во резерва

4.472 доброволни противпожарни единици

6 професионални противпожарни бригади (Виена, Линц, Грац, Инсбрук, Салцбург, Клагенфурт)

313 противпожарни единици во компании (доброволни и професионални)

2 доброволни противпожарни единици на универзитети

ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА ВО ПРОТИВПОЖАРНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБИКА АВСТРИЈА

Доброволните противпожарни единици имаат околу:

16509 противпожарни возила и околу

323 противпожарни скали.

Шесте професионални противпожарни бригади во Република Австрија (Виена, Грац, Клагенфурт, Салцбург, Линц, Инсбрук) имаат приближно околу :

Виена **180** различни возила, **40** разни контејнери, **40** приколки

Грац околу **40** различни ПП возила

Линц околу **54 ра**возила

Клагенфурт **17** возила

Салцбург **20** возила

Инсбрук **28** возила






Слика 16: Противпожарно станица и пртотивпожарно навалмо возило во Република Австрија



Слика 17: Членство и полова структура во ПП секторот Процентуална застапеност



Слика 18: Процент на доброволни и професионални пожарникари во Република Австрија

Кои се предности на системот со 99% доброволни пожарникари?

- Членовите на друштвата не се вработени од страна на општините. Само опремата треба да ја набават општините

Нема финансиски трошок за ангажираниот персонал од страна на општините

Слика 19: Нема импликации врз општинскиот буџет

Правни аспекти и задачи

Уставот дефинира дека противпожарните единици се во надлежност на 9-те региони

- 9-те различни региони имаат сопствени закони кои ја регулираат противпожарната служба

6 Професионални противпожарни бригади

- **Грац**
- **Инсбрук**
- **Клагенфурт**
- **Линц**
- **Салцбург**
- **Виена**

(поголеми) градови со над 100.000 жители



Слика 20: Австрија има 6 професионални ПП Станици

Вообичаени секојдневни задачи на протипожарната служба се:

- Гаснење на пожари
- Превенција
- Инспекција (истрага)
- Противпожарна безбедност
- Технички интервенции
- Помош при настанување на катастрофи

Слика 21: Секојневни задачи и активности на ПП служба во Република Австрија

ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ

- **Голем број на противпожарни станици**
- **Речиси неограничен број на членови**
- **Добро обучени и добро опремени**
- **Специјалисти од сите професии**
- **Сеопфатна достапност на сервисот**




Слика 22: Доброволни единици во акција и на смотра

Членство во доброволните противпожарни единици

Кој може да се придружи?

- Секој кој ...
  - **ментално е способен**
  - **физички е способен**
  - **на возраст од 10 до 65 години**

…да ги исполнува сите поставени задачи од страна на командниот кадар



Слика 23: Членство во доброволниот противпожарен сектор

Како функционира австрискиот доброволен противпожарен систем?



Слика 24: Функционирање на доброволниот противпожарен сектор во Република Австрија

Како е структурирана една доброволна противпожарна станица?

Табела 1: Пример за поставеност на доброволна противпожарна станица

ФУНКЦИЈА	БАРАЊА
Командир	Избор + завршена обука за Противпожарен офицер
Заменик командир	Избор + завршена обука за Противпожарен офицер
Чувар - магацинер	Закажување + обука
Водач на вод	Закажување + обука
Водач на одред	Закажување + обука
Пожарникар	Закажување + обука
Специјалисти (ИТ, заштита од пожари, комуникации, млади,…)	Закажување + обука
Екипа (тим)	Обука

Како е решено со обуката и образованието на пожарникарите?

- Обука во рамките на Противпожарната единица
- Обука на ниво на област
- Обука во регионалната противпожарна академија

Што е со противпожарната опрема и од што зависи набавката?

Стандардната опрема зависи од…

- Регионален закон
- Бројот на жители
- Број на објекти (куќи, згради...)
- Специјална инфраструктура

Стандардот за безбедност е гарантиран насекаде

Финансирање на доброволниот протицпожарен систем…

- Општината (мора да ја финансира задолжителната опрема)
- Надомест на трошоците за работа (обично покриени од предизвикувачот на инцидентот)
- Данок за заштита од пожари (регионално ниво)
- Федерален фонд за управување со катастрофи (на државно ниво)
- Донации
- Настани

Можности за „кариера“ во рамките на доброволниот противпожарен систем

Можности за специјализирање…

- Хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен одговор CBRN одговор, деконтаминација и откривање
- Нуркање
- Уредување
- Гасење шумски пожари со хелипотери
- Спасување на вода/ морско загадување
- Спасување од височини



Неформално преку настани: забави, излети, противпожарни натпревари, меѓугенерациски состаноци

Електронски форми: Facebook, Istagram, www и други.

Донации од корпорации

Компании: Лидл, Петрол, Триглав, Меркатор...



Слика 52: Донација на доброволниот ПП-сервис од страна на општествено одговорна компанија

Видливост и застапеност – СЕГА!!!

Општо: секојдневно однесување, став, работа... на членови и функционери!



Слика 53: Објава на медиуми по настанат инцидент на ПП возило

Влијание врз кредибилитетот на противпожарната служба. Активностите треба редовно се објавуваат на ФБ, www, инстаграм... како интервенции, работа со млади луѓе, обуки, екскурзии, работни кампањи, отворени денови, прослави итн.

Планирана унифицирана графичка слика на сите канали за комуникација, вклучително и облека наменета за неформални прилики.



Слика 54: Канали за унифицирана комуникациска кампања

Победи и успеси на : пожарникарски олимпијади или национални и куп натпревари, низа успеси, може да биде и учество на национален натпревар на хорови.

Редовно и позитивно социјално вклучување: хор, хуманитарни концерти, случајна соработка со локални здруженија, Црвен крст, Каритас...



Слика 55: Редовен социјален ангажман на членовите на ДПД-ата

Редовно и позитивно социјално вклучување: соработка со организација, која бара од вас да учествувате на некој настан.

Неполитичко работење на здруженијата - достапност до сите!!!

На 5 декември 2012 година, големи поплави загрозија човечки животи во поширокото подрачје на Птуј. **„Многумина останаа без основните добра, надојдената вода однесе многу материјални добра, меѓудругото и дрвата складирани за зимата на повеќето од населението. Телефонскиот повик на еден господин од Горењска запали искра надеж кај еден од погодените селани: голем камион натоварен со огревно дрво им ги стопли прво срцата, а потоа и куќата,. Со среќен лик и полн со енергија, анонимниот донатор ни се довери дека е исклучително среќен што може да им помогне на другите кои имаат потреба. Го немаме неговото име и презиме, а за работата на неговото срце сведочат само неколку фотографии“**. Јанез Липоник, Марковци, Птуј

Превентивно-информативни кампањи

Редовна соработка со училиштата и градинките



Слика 56: Соработка со образовниот сектор, преку презентација на опрема и организирање на игри за децата



Слика 57: Делење на едукативен промотивен материјал за најмладите

Извештаите во локалните списанија

Пример: Каков е статусот на хидрантската мрежа?

Редовна годишна проверка на противпожарните апарати и прифатливи понуди за набавка на нови за сите локални жители





Слика 58: Редовна проверка на хидрантската мрежа

Противпожарни вежби на различни локации како:



- демонстрации на ризик од пожари
- видови и начини на гаснење
- искуствено учење

Слика 59: Демонстрација на пожар во кујна

Октомври е месец за заштита од пожари во Република Словенија.

Се организираат разни кампањи на сите нивоа како летоци, радио преноси, интервјуа, демонстрации на противпожарни вежби.





Слика 60: Противпожарни вежби





Слика 61: Отворени денови за локалното население во ПП станиците

СОБИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

- Собирање, прочистување, дистрибуција на вода: транспорт на вода со противпожарни цистерни, изнајмување противпожарно возило со возач
- Услуга за служење на пијалаци на противпожарни настани.
- Изнајмување и работење со сопствен или изнајмен недвижен имот
- Техничко испитување и анализа: тестирање, сервисирање и поправка на противпожарни апарати и испитување на хидрантски мрежи, врз основа на добиеното овластување
- Изнајмување и издавање под закуп на други производи за општа употреба: изнајмување на противпожарни маси и клупи и противпожарна опрема
- Чистење на патишта и друго чистење; >> отстранување на препреките на патот кои го попречуваат или спречуваат протокот на сообраќај
- Заштита и спасување во случај на пожари и несреќи; >> обезбедување заштита од пожари во согласност со прописите






Слика 62: Разни начини на прибирање на финансиски средства

Организирање и спроведување на противпожарни и спортски натпревари



Слика 63: Противпожарен натпревар

Организирање на други настани за собирање на финансиски средства





Слика 64: Организирање на разни настани за собирање на финансиски средства

Кампањи за донации при настанување на големи инциденти



Слика 65: Организирање на инцидентни донаторски кампањи при настанување на колеми катастрофи

Општествена одговорност на компании: Донација од 1,5 милиони евра од страна на сопственикот на Меркатор



Boscarol gasilcem nakazal skoraj milijon in pol evrov

AVTOR L.T.



Слика 66: Пример за филантропија: Донација од 1,5 милиони евра од страна на сопственикот на МЕРКАТОР

Организирање игри на среќа, фестивали и забави



Слика 67: Организирање на разни настани за прибирање на финансии (концерти, фестивали забави, игри на среќа)

Традиционално печатење и делење на клендари на граѓаните за собирање на финансиски средства на доброволните противпожарни друштва. Оваа кампања секогаш носи добри резултати, кои се многу значајни во успешното функционирањето на доброволните противпожарни друштва



Слика 68: Печатење и делење на календари

Секој што плаќа персонален данок во Словенија може да донира до 1% од својот персонален данок на противпожарната служба.

Мислење на еден оперативен пожарникар

„Противпожарната единица може да биде наградена од разни извори, но не дај Боже некој пожарникар да го платат за својата работа (да, и јас сум пожарникар волонтер), бидејќи тоа ќе биде причината што ќе ги извади на површина (исто така) најлошите особини на луѓето“.

„Оставете ги доброволните пожарникари на мир“, вели друг доброволен пожарникар: „Постои голема причина што нема финансиска награда за завршената работа, тоа е најбесценетото, најубавото и највозвишеното што човек може да до доживее, а тоа е исполнување на душата и загревањето на срцето“. Јас сум доброволен пожарникар, парите би ми биле од голема помош. Но, те молам, никогаш повеќе немој да ми го спомнеш тоа“.

Мотивациски кампањи и анимирање на нови членови

Редовна и квалитетна работа со млади на возраст од 6-16 години



Слика 69: Перманентна работа со децата и младите

Ви пишувам затоа што би сакала дополнително да го пофалам вашиот млад пожарникар Жан (12). **„Една недела пред празникот тој и син ми Јака (10) беа заедно на велосипед во шумата. Мојот син падна, удри со глава, изгуби свест на неколку секунди. Жан се однесуваше со него многу професионално и го донесе дома. Веднаш ми се јави и мене. За толку младо момче сите бевме изненадени што така се справи со ситуацијата. Ве молам пофалете го пред сите и Секоја чест за вас пожарникарите што го научивте и обучивте толку добро да се справува и во најтешките и најсложените ситуации!!“**

Шпела Сечник

Семејна традиција: родителите, баби и дедовци веќе се членови во доброволни противпожарни друштва.



17. člani gasilske družine JEZERNIK

Слика 70: Семејна традиција

Традиционални социјални собири или настани, социјални (меѓугенерациски) собири




Слика 71: Организирање на социјални собири

Учество во меѓународни проекти за млади луѓе (ЕУ) или национални настани и противпожарен хепенинг







Слика 72: Учество во меѓународни проекти

Натпреварувачки успеси како што се националните и олимписките противпожарни шампиони организирани од CTIF



Слика 73: Учество на Противпожарни олимпијади организирано од страна на CTIF

Потребна е континуирана и добра „медиумска“ поддршка за работата на доброволните противпожарни друштва, која е ќе биде предизвикана од редовна работа на истите, а не само кога се во прашање разни интервенции.

Добри примери за одговорност и посветеност на членовите на ДПД-ата

Сведочење на сосед на ПП станица на ДПД:

- Секогаш ја средувате вашата противпожарната станица.
- Вашите млади пожарникари многупати му помагаа на локалното население.
- Ни беше мило за вашата покана за работниот противпожарен камп.
- Секогаш нешто се случува во вашата станица.
- Градината во близина на противпожарната станица секогаш е добро одржувана



Слика 74: Одговорност на членовите на ДПД-ата

Соучениците на син ми често зборуваат за противпожарната единица и одговорноста и посветеностаа која ја имаат нејзините членови во однос на .

МАКЕДОНСКИ ДОБРОВОЛЕН ПРОТИВПОЖАРЕН СЕКТОР

Општи податоци за Република Северна Македонија

Население: **1.836.713 (попис 2021)**
Површина: вкупна површина: **25.713 км²**
водена површина: **477 км²**
земјена површина: **24.856 км²**
Граници вкупно: **766 км**
соседни земји: **Албанија 151 км; Бугарија 148 км; Грција 246км; Србија 221 км.**
Главен град Скопје: **467.257 жители**

РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА НА ДОБРОВОЛНИОТ СЕКТОР

Резултатите од истражувањето кое го спроведе ДПД Свети Николе покажаа, дека на територијата на Република Северна Македонија активни се само 15 доброволни противпожарни друштва. До оваа бројка се стигна по темелното истражување на достапните бази на податоци на Централен Регистар (ЦР) на РСМ https://www.crm.com.mk/, каде се регистрирани и запишани сите здруженија на граѓани и фондации, како и преку достапната дата база на Управата за јавни приходи (УЈП) http://www.ujp.gov.mk/ на РСМ, каде се регистрира финансиската активност на друштвата. Во базите на податоци на ЦР на РСМ се идентификуваа регистрирани 91 ДПД-а во РСМ, од кои 34 активни друштва, 52 неактивни и 5 избришани од евиденција на ЦР, додека во базата на податоци на УЈП на РСМ се евидентирани 48 активни друштва.

Во мапираните 15 друштва, според матичната книга на евиденција се регистрирани 1726 членови, од кои 861 се активни и 865 пасивни, во проценти соодносот е 50% : 50%. Од активните 861 член, млади се 93 или 11%, додека 9% се припаднички на понежниот пол или 78 членови. Активните ДПД-а имаат 178 оперативни доброволни пожарникари или 21% од активното членство 861, кои настапуваат на интервенции. Друштвата имаат издадено 253 сертификати за доброволен пожарникар, од кои 174 или 69% се издадени интерно, од самите ДПД-а, остатокот од 79 или 31% се од надлежните институции (ДЗС и РППС), регистрирани и сертифицирани образовни институции и меѓународни противпожарни асоцијации и тренинг центри. Во 6 од ДПД-ата има 18-лен команден кадар, а во 3 друштва има сертифицирано 5 противпожарни инструктори. Доброволните пожарникари немаат животно осигурување, единствено ДПД Дојран ги има осигурено, преку ЕЛС Дојран.

Друштвата за календарската 2020 година имаат настапено на 274 интервенции од разен карактер и тоа: 9 урбани пожари или 3,3%, шумски пожари 123 или 44,9%, 4 поплави или 1,5%, 1 земјотрес или 0,4%, 33 разни технички интервенции или 12% и 104 интервенции за глобалната пандемија со КОВИД-19 или 38%. Во 93% или 255 од интервенциите биле од локален карактер, меѓу општински се 17 или 6,2% и по 0,4% или на по една интервенција друштвата настапиле регионално и интернационално (земјотресот во Албанија – ДПД Бајрам Мифтари Чаир). Од 15 друштва 11 активно земаат партиципација во интервенциите.

Во принцип 6 ДПД-а располагаат со повеќе од 95% од ПП опремата. Од 15 мапирани активни доброволни противпожарни друштва само 6 располагаат со 19 противпожарни возила, од кои 5 се навални, со просечна носивост на танк од 2000 литри, 4 се танкови– пратечки ПП возила со капацитет на танк во просек од 5750 литри и 1 е техничко возило со танк од 4000 литри и прашок за пенило од 200 килограми, друштвата располагаат и со 4 транспортни возила, од кои 3 се комби возила и еден автобус Санос, исто така поседуваат 2 теренско-командни возила и 2 четирициклi за настапување на шумски пожари


.

Од евидентираните 861 активен член на ДПД-ата во РСМ, на 18 предвидени основни ПП обуки, 19,4% или просечно по 167 од сениорите доброволни пожарникари и 0,5% или просечно по 4,5 членови од младите пожарникари присуствувале на теоретската настава, додека на практичните обуки сениорите учествувале со 18,6% или 160 членови, кај младите пожарникари останува истиот процент од 0,5% или 4,5 членови по обука. Единствената специјалистичка ПП обука за **дишни апарати (BA-breathing apparatus)** од предвидените 18 вида ја имаат добиено само 2 члена

или 0,23% од вкупниот број 861 активни членови на ДПД-ата . Двајцата членови се претставници од ДПД Свети Николе и специјалистичката обука ја имаат добиено во Велика Британија, поточно во обучниот центар Бабкок во Бристол (**Bristol Babcock ltd UK**).
Во делот на организацијата, сите 15 ДПД-а , врз основа на своите Статути ги имаат оформено клучните органи, тела (Собрание, Управен одбор и Надзорен одбор). Недостасува стручното тело (Старешинство) кај 10 ДПД-а, за пишување планови и програми за работа и спроведување на обуки и командување со инциденти. Во Просек УО-ата бројат по 5 членови и истите се состануваат 7 пати на годишно ниво, НО во просек е составен од 3 члена со 2 состаноци годишно ниво, Старешинството кај 4 ДПД-а во просек се состанува 1-наш квартално и составено од 3 члена. Собранието на ДПД-ата е составено од сите конституети и се одржува просечно по 1 седница годишно.

Во државата има 34 територијални противпожарни единици (ТППЕ), кои имаат вкупно имаат 284 возила, од најразличен вид – оние што гаснат пожар, цистерни за вода и возила за превезување на пожарникарите и опремата. Просечната старост е 27 години.

ЧЛЕНСТВО, ВОЗРАСНА, ПОЛОВА СТРУКТУРА, ОСИГУРУВАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ И СОРАБОТКА



Слика 75: Членнство во доброволниот противпожарен сектор во државата



*Изразена процентуално и во апсолутни бројки



*Изразена процентуално и во апсолутни бројки

Слика 76: Возрасна и родова застапеност во доброволниот противпожарен сектор




ОСИГУРУВАЊЕ НА ДОБРОВОЛНИ ПОЖАРНИКАРИ




Слика 78: Осигурување на доброволните пожарникари

ПРОЦЕНТУАЛНО ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДПД-ата ВО РСМ



Слика 79: Извори на финасирање на ДПД-ата во државата

ПРОЦЕНТУАЛНО СОРАБОТКА НА ДПД-ата СО ДРЖАВНИ ЧИНИТЕЛИ (ДЗС,ЦУК) ВЛАДА НА РСМ, ЕЛС, НВО, МЕЃУНАРОДНА и РППС



Слика 80: Соработка со разни чинители



Слика 81: Согласност за формирање на Мрежа на ДПД-а

Законски одредби за финансирање на ДПД-ата во Р.С. Македонија

Актуелно законски решение Службен весник на РМ, бр. од 168 од 21.11.2017 година

III. ДОБРОВОЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЗДРУЖЕНИЈА

Член 21

(1) Заради организирано учество на граѓаните во заштитата од пожари и други непогоди, во согласност со закон и други прописи, во општините можат да се формираат доброволни противпожарни друштва, кои претставуваат дел од единствениот систем на заштита од пожари.

(2) Друштвата од ставот (1) на овој член, можат да се здружуваат во општински противпожарни сојузи и во Противпожарниот сојуз на Република Македонија.

(3) Општините, градот Скопје односно општините во градот Скопје во согласност со закон, обезбедуваат простор и финансиски средства за тековна активност на доброволните противпожарни друштва и општинскиот противпожарен сојуз на своето подрачје.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Член 49

(1) Средствата за финансирање на противпожарните единици и организацијата на гаснењето на пожарите се обезбедуваат од:
- Буџетот на Република Македонија;
- буџетот на општината и буџетот на градот Скопје;
- 12% од наплатените премии за осигурување на имот од пожар;
- 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила;
- средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари и
- приходи од сопствени извори за извршени услуги согласно со членот 5 став (2) на овој закон.

(2) Средствата од ставот 1 алинеја 3 на овој член се приход на Дирекцијата и се уплатуваат еднаш месечно.
(3) Средствата кои се обезбедуваат согласно со ставот (1) алинеја 4 на овој член, се приход на буџетот на општината и се уплатуваат еднаш месечно.
(4) Средствата од ставот (1) алинеа 5, 6 и 7 на овој член се приход на буџетот на општината.

Член 51

(1) Средствата од членот 49 став (1) алинеи 2, 4, 5, 6 и 7 на овој закон, се наменети за:
- финансирање на тековните оперативни активности и набавка на противпожарна опрема на територијалните противпожарни единици од членот 5 ставови (3) и (4) на овој закон;
- учество во финансирање на противпожарната единица која го покрива нејзиното подрачје, а која согласно со одредбите на овој закон не формира противпожарна единица, во висина сразмерно на бројот на жителите на таа општина;
- финансирање на програмски активности на доброволните противпожарни друштва и нивните здруженија на подрачјето на општината и
- финансирање на ангажманот и потребите на сезонските пожарникари, доброволните пожарникари и граѓаните кои учествуваат во акции на гаснење на пожар, согласно со одредбите на овој закон.

Член 52

(1) Противпожарниот сојуз на Република Македонија се финансира од средствата од членот 49 став (1) алинеја 3 на овој закон кои се приход на Дирекцијата, во висина од 10%, согласно со годишната програма на активности која ја одобрува Дирекцијата.
(2) Противпожарниот сојуз на Република Македонија е должен да издвои најмалку 60% од финансиските средства од ставот (1) на овој член за финансирање на работата на противпожарните сојузи на општините и за опремување на доброволните противпожарни друштва и доброволните противпожарни единици.

(3) Противпожарниот сојуз на Република Македонија средствата од ставот (2) на овој член ги уплатува на сметка на противпожарните сојузи на општините најдоцна седум дена од пристигнатата уплата на неговата сметка, во процент сразмерно на бројот на противпожарните сојузи на општините.

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПП СИСТЕМИ

Табела 3: Членство во доброволниот противпожарен сервис (број на друштва, членство, оперативни пожарникари)

Р.Б.	ДРЖАВА	ДОБРОВОЛЕН ПРОТИВПОЖАРЕН СЕРВИС					
		Број на население	Број на доброволни противпожарни друштва	Број на членови на ДПД-а	Број на ОПЕРАТИВНИ доброволни пожарникари	Процент на членови на ДПД во однос на вкупното население	Процент на ОПЕРАТИВНИ пожарникари во ДПД во однос на вкупното население
1.	Република Австрија	8.966.860	4.503	338.056	255.953	3,77%	2,85%
2.	Република Словенија	2.119.366	1.341	170.623	67.430	8,05%	3.18%
3.	Република Хрватска	3.871.833	1.764	127.497	31.621	3,30%	0,82%
4.	Република Македонија	1.836.713	15	1.726	178	0,10%	0,01%

Во табелата се претставени компаративни податоци за бројот на активни ДПД-а, ленството во организациите и бројот на оперативни пожарникари за секоја од анализарините држави од земјите на ЕУ/ИПА (Република Австрија, Република Словенија, Република Хрварска) и податоци за актуелната состојба во доброволниот противпожарен сектор во нашата држава, при што може да се констатира дека се јавува огромна дискрепанца по сите анализирани параметри, почнувајќи од малиот и тотално незадоволителен бројот на активни ДПД-а, нивниот број на членови, бројот на оперативни пожарникари кои настапуваат на сите видови на инциденти, однос на бројот на населението во земјата се катастрофални и изнусува само 0,01%, додека во земјите од ЕУ/ИПА изнесуваат од 0,82% во Хрватска, 2,85% во Австрија и 3,18% во Словенија. Во однос на бројот на населението што членува во доброволниот противпожарен сектор, највпечатлив е податокот за Република Словенија кој изнесува 8,05% од бројот на населението и е број еден во светски рамки, во Република Австрија и Република Австрија, исто така процентот е еден од најголемите во европски и светски рамки и изнесува 3,77% и 3,30%, додека процентот кај нас е 0,10% и е еден од најмиалите во Европа.

Табела 4: Вкупно пожарникари (процент според вкупното население)

Р.Б.	ДРЖАВА	ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ПОЖАРНИКАРИ				
		Број на население	Број на професионални пожарникари	Број на ОПЕРАТИВНИ доброволни пожарникари	Вкупен број на пожарникари	Процент на вкупен број на оперативни пожарникари во однос на вкупното население
1.	Република Австрија	8.966.860	2.650	255.953	258.603	2,89%
2.	Република Словенија	2.119.366	860	67.430	68.290	3,22%
3.	Република Хрватска	3.871.833	3.521	31.621	35.142	0,91%
4.	Република Македонија	1.836.713	903	178	1.081	0,06%

Табелата ги содржи податоците за вкупниот број на доброволни и професионални пожарникари, при што од истата може да се види, дека во земјите од ЕУ/ИПА процентот во однос на вкупното население изнесува од 0,91% или 35.142 пожарникари во Хрватска, 2,89% или 258,603 пожарникари во Австрија и 3,22% или 68.290 пожарникари во Словенија, додека во нашата земја тој процен е само 0,06% или 1.081 пожарникар. Истиот е далеку од потребниот број на пожарникари за ефикасна и ефективна заштита од пожари, останатите елементарни непогоди и сообраќајни несреќи на населението и природата.

Табела 5: Број на противпожарни станици

Р.Б.	ДРЖАВА	ПРОТИВПОЖАРНИ СТАНИЦИ				
		Професионални ПП станици	Доброволни противпожарни станици	Број на Професионални станици во компаниите	Број на Доброволни станици во компаниите	Вкупен број на ПП СТАНИЦИ
1.	Република Австрија	6	4503	0	314	4823
2.	Република Словенија	15	1341	12	14	1382
3.	Република Хрватска	76	1764	21	26	1887
4.	Република Македонија	34	7	6	0	47

Во табелата се изразени податоци за бројот на противпожарни станици во професионалниот и доброволниот противпожарен сектор. Во однос на големината и бројот на населението нашата држава е приближна со Република Словенија, при што може да се види дека постои енормна разлика во бројот на ПП станици. Во Словенија вкупниот број на ПП станици е 1382 или 15 професионални, 1341 доброволни ПП станици, во индустријата има 21 професионална ПП станица и 26 доброволни ПП станици, додека во Република Северна Македонија имаме вкупно 43 противпожарни станици од кои 34 се професионални ПП станици, 6 ПП станици се во индустрискиот сектор и постојат само 7 доброволни ПП станици. Компаративно овој податок е застражувачки и загрижувачки во поглед на податоците од земената земја за компарација Република Словенија.

Табела 6: Број на Противпожарни возила

Р.Б.	ДРЖАВА	ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА			
		Професионални единици возила	Доброволни противпожарни единици возила	Вкупен број на ПП ВОЗИЛА	Процент на ПП возила по глава на жител
1.	Република Австрија	339	16832	17171	0,19%
2.	Република Словенија	210	3440	3650	0,17%
3.	Република Хрватска	455	3940	4395	0,11%
4.	Република Македонија	284	19	303	0,01%

Во табелата се содржани податоци за бројот на противпожарни возила со кои располагаат најнапредните противпожарни системи од земјите на ЕУ/ИПА, каде во преден план се става акцент на доброволното пожарникарство и состојбата на

возниот парк во нашата држава во двата ПП сектори, при што само во нашиот случај, заради тешката состојбата во која се наоѓа доброволниот ПП сектор во изминатите 35 години, се гледа дека професионалниот сектор располага со повеќе ПП возила или 284 кои се 93,5% од вкупниот број од 303 ПП возила, додека на доброволниот сектор отпаѓаат само 6,5% или 19 ПП возила или во процент на бројот на жители тој изнесува 0,01% возило по глава жител, додека бројот на ПП возила во најразвиетите земји од ЕУ/ИПА е обратно пропорционален, каде што во Република Австрија доброволниот противпожарен сектор располага со 98% од вкупниот број од 17171 ПП возило, во Република Словенија процентот со кој располагаат ДПД-ата е 93,90% или вкупно 3650 ПП возила и во Република Хрватска процентот на ПП возила во доброволниот сектор изнесува 88,70% или 3940 возила По глава на жител во Република Австрија е 0,19%, во Република Словенија е 0,17% и во Република Хрватска е 0,11%. Исто како и во претходните табели евидентна е енорманата дискрепанца во однос на состојбата со вкупниот број на противпожарни возила со кој располагаат професионалните и доброволните противпожарни станици.

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА ДОБРИ ПРАКТИКИ

ЗАКЛУЧОЦИ:

- Недоволен број на активни и функционални ДПД-а во РСМ, кои се неопходни и потребни за надополнување на дефицитарниот противпожарен и спасувачки сектор во државата со професионални пожарникари.
- Релативно ниско ниво на соработка и запоставеност на повеќето од друштвата од страна на надлежните локални и државни институции, кои законски се обврзани Законот за пожарникарство (Сл.Весник бр.168/2017), да дадат поддршка на истите во делот на финансиите, простор за работа, опремување со материјално-технички средства и лично-заштитна опрема, како и обезбедување на основни и напредни ПП обуки. Од таа причина организациите се приморани самостојно од секој аспект да се снаоѓаат, за да можат непречено и континуирано да реализираат, барем мал дел од годишните планови и програми за работа. Оттука, произлегува, дека опстојувањето на друштвата, во ваква констелација е директно поврзано со менаџерските способности на раководните структури, како и од „посветеноста и расположението“ на надлежните локални и државни институции.
- Непостоење на соработка и координација помеѓу активните ДПД-а, за поуспешно застапување пред државни чинители Владата на РСМ, ДЗС и ЦУК, кои се надлежни за секторот на противпожарната заштита и спасување. Причина за ваквата состојба е долгогодишното нефункционирање на државната институција Републичкиот противпожарен сојуз (РППС), кој според Закон за пожарникарство треба да ја координира и унапредува соработката со погоре споменатите државни чинители, како и да даде финансиска, организациска, логистичка и материјално техничка поддршка на ДПД-ата во РСМ, која за жал во изминатите 30 години не ја понуди на друштвата или само парцијално на еден мал дел „погодни“ друштва им излегуваше во пресрет.

- Постои голема дискрепанца во родовата и возрасна застапеност во доброволниот противпожарен сектор.
- Малиот и недоволен број на активни доброволни пожарникари кои настапуваат заеднички на сите видови на интервенции со професионалните пожарникари од ТППЕ-ата во државата, кои исто така се судираат со недостаток од персонал.
- Генерално доброволните пожарникари најчесто настапуваат на пожари на отворен простор (шумски пожари).
- Доброволните пожарникари немаат животно осигурување, кое исто така, како и повеќето работи поврзани со нормалното функционирање на друштвата е условена од добивањето на законската државна помош.
- Непостоење на стандардизирани процедури, планови и програми за обуки на доброволните пожарникари, кои треба да бидат изработени од страна на институциите надлежна за развојот на доброволниот ПП сектор во РСМ. Како резултат на оваа состојба е малиот број на сертифицирани доброволни пожарникари, чии сертификати во најголем процент се издадени интерно од самите ДПД-а, додека мал број имаат добиено сертификати, од сертифицирани образовни институции во РСМ, меѓународни асоцијации и тренинг центри.
- Слаба и недоволна опременост со ПП возила, истите се стари, амортизирани и некомпатибилни, кои ги поседуваат мал број на ДПД-а, впрочем како и 90% од ПП опрема (лично заштитна и материјално техничка). Поголемиот дел од ПП возилата и ПП опремата се резултат на донации од страна меѓународни противпожарни фондации и асоцијации, додека мал дел отпаѓа на преотстапени од страна на неколку ТППЕ-а во државата и Противпожарната бригада Скопје.

ПРЕПОРАКИ:

- Формирање на функционална мрежа на ДПД-а во РСМ.
- Зголемување на бројот на активни ДПД-а, преку координирани и перманентни иницијативи за реактивирање на пасивните и формирање на нови функционални и ефикасни друштва.
- Потребно е да се подобри соработката со сите надлежни локални и државни институции во државата (Влада на РСМ, ЕЛС, ДЗС, ЦУК, ТППЕ и ПП бригадата), како и со бизнис заедницата, невладиниот сектор и меѓународни противпожарни асоциации и фондации;
- Финансирање на друштвата врз основа на постоечкиот Закон за пожарникарство (Сл.Весник бр.168/2017) ЕЛС и ДЗС;
- Изработка и донесување на нов Закон за пожарникарство, комплементарен и компатибилен со најрзавиените земји од ЕУ,
- Зајакнување на капацитетите со човечки и материјално-технички ресурси;
- Формирање на обучен противпожарен центар;
- Изготвување на стандардизирани процедури и програми за обуки од страна на надлежните институции;
- Поголема родова застапеност во целокупниот сектор;
- Анимирање на млада популација во редовите на ДПД-ата во РСМ.

ПРЕДЛОЗИ ЗА НОВИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА:

1. Зголемување на процентот за осигурување на имотите од пожари и каско осигурувањето на возилата.
2. Ослободување на данок при увоз на ПП возила.
3. Намалување или ослободување на давачките при регистрација на ПП возилата.
4. Увезените ПП Возила да се третираат како специјални при процесот на хомологација.
5. Плаќањето на електрична енергија за сите противпожарни станици доброволни и професинални да биде по тарифата „домаќиство“.
6. Опремување со возила и опрема на ДПД-ата , од надлежните државни институции и Агенцијата за управување со одземен имот.
7. Формирање на државен обучен противпожарен центар.
8. Донесување на правилник за унифицирани униформи за противпожарниот сектор.
9. Мотивација на доброволните пожарникари со добивање на одредени бенефите при плаќање на даноци, режиски трошоци и слично, во насока на омасовување на доброволниот противпожарен сектор.
10. Добивање на соодветна шифра на дејност (противпожарна-хуманитарна) во Централен Регистар на Република Северна Македонија.
11. Редовна проверка на психо-физичките способности на пожарникарите.
12. При вработување приоритет да имаат оперативните пожарникари од доброволните противпожарни друштва.

ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

ДПД	Доброволно противпожарно друштво
ДЗС	Дирекција за спасување на Република Северна Македонија
ЦУК	Центар за управување со Кризи на Република Северна Македонија
РСМ	Република Северна Македонија
ЕЛС	Единица на локална самоуправа
РППС	Републички противпожарен сојуз
ОППС	Општински противпожарен сојуз
ТППЕ	Територијална противпожарна единица
ПП	Противпожарна/о/и
МВР	Министерство за внатрешни работи на РСМ
ЦР	Централен регистар на РСМ
УЈП	Управа за јавни приходи на РСМ
УО	Управен одбор
НО	Надзорен одбор
НВО	Невладини организации

ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ:

https://l.facebook.com/l.php?u=http%3A%2F%2Fvatrogastvo.hr%2Fohrid-dobrovoljno-vatrogastvo-sjeverne-makedonije-pred-prekretnicom%2F%3Ffbclid%3DIwAR1JDjD-LyXkXA3nwysMWS80u-AbCdq-Y6c9A_4Nmw0ADn84KunhvnEAjY8&h=AT0CXIKw8ivH_e1KUuTu0aRHF5aXVxzqkBpwLli9n0lbu3_WoLvWgu5jjakPMlKr80csbl63LmTQC6vNxXtE058rZlQUQV2fqU89tB9jeeLgUH6u40NTJd1qfs43_H9qcik

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

- Австриска противпожарна асоцијација
- Регионална противпожарна асоцијација на Бургенленд - Австрија
- Хрватска противпожарна заедница
- Вараждинска противпожарна заедница - Република Хрватска
- Противпожарна асоцијација на Република Словенија
- Анализа на ДПД[a] во Република Северна македонија – ДПД Свети Николе



Оваа брошура е изработена со поддршка од проектот на Европската унија за „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, имплементиран од страна на Механизмот за граѓанска отпорност (Civil Resilience Mechanism – CRM).

Содржината на брошурата е единствена одговорност на Доброволното противпожарно друштво Свети Николе и не ги одразува ставовите на Механизмот за граѓанска отпорност (Civil Resilience Mechanism).

dpdsvetinikole@gmail.com

Цветан Димов бр. 14,
2220 Свети Николе

www.dpd.org.mk

ДОБРОВОЛНО
ПРОТИВПОЖАРНО
ДРУШТВО
СВЕТИ НИКОЛЕ